# Службен гласник

## на Општина Кавадарци



| | |
|---|---|
| Број 11 | 07.04.2022 година |



СОДРЖИНА



| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука за одредување на надоместок за користење на пазаришен простор и други погодности на Јавен пазар лоциран н у.„Зелен Пазар“ во Кавадарци | 2 |
| Одлука за давање согласност на Одлука за одредување на надоместок за користење на пазаришен простор и други погодности на Јавен пазар лоциран н у.„Зелен Пазар“ во Кавадарци | 3 |
| Решение за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци | 4 |
| Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци | 4 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука за одредување на надоместок за користење на пазаришен простор и други погодности на Јавен пазар лоциран на ул.„Зелен Пазар“во Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за давање согласност на Одлука за одредување на надоместок за користење на пазаришен простор и други погодности на Јавен пазар лоцира на ул.„Зелен Пазар“ во Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 07.04.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-2444/1**
**07.04.2022 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" 5/2002) а во врска со член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96.....35/19 и "Сл.Весник на РСМ" бр. 275/19), член 132 став 1, член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05.......75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 2-та Вонредна седница, одржана на ден 07.04.2022 година, донесе ,

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на**
**Одлука за одредување на надоместок за користење на пазаришен простор и други погодности на Јавен пазар лоциран на ул.„Зелен Пазар" во Кавадарци**

**Член 1**

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлука за одредување на надоместок за користење на пазаришен простор и други погодности на Јавен пазар лоциран на ул.„Зелен Пазар" во Кавадарци со арх.бр.02-587/3, донесена од Управен Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци, на седница одржана на ден 05.04.2022 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08- 2379/1**
**07.04.2022 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Сл.Весник на РМ„бр.5/02), член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.8/2005....75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 07.04.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-2444/2**
**07.04.2022 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весникна РМ „бр.5/02), а во врска со член 7 и член 348 од Законот за безбедност во сообракајот на патиштата („Сл.Весник на РМ„ бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/2018, 83/18, 191/18 и „Сл.весник на РСМ„ бр.70/19, 98/19, 302/20, 122/21 ), член 22 став 1 точка 4 од Законот за Локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 2-та Вонредна седница, одржана на ден 07.04.2022 година, донесе ,

**О Д Л У К А**

**за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци**

**Член 1**

Во Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци број 08-4989/17 од 25.09.2020 година („Сл.Гласник на општина Кавадарци„ бр.63/2020), број 08-5902/7 од 13.11.2020 година („Сл.Гласник на општина Кавадарци„ бр.65/2020), број 08-1461/17 од 12.03.2021 година („Сл.Гласник на општина Кавадарци„ бр.70/2021) , број 08-6854/14 од 03.12.2021 година („Сл.Гласник на општина Кавадарци„ бр.3/2021), 08-7333/30 од 24.12.2021 година („Сл.Гласник на општина Кавадарци„ бр.5/2021), се врши следната измена и дополнување:

**- Во член 2 став 1,**

**Во алинеја 2,** бројот „ единаесет ( 11)„ **СЕ ЗАМЕНУВА** со бројот „дванаесет (12);

**-Во член 4,**

**Во став 1 „ЗОНА Б„** после алинеја **Подзона Б1, СЕ ДОДАВА** нова алинеја која гласи:

„**- Подзона Б2**

Се организира вон улично паркирање на паркинг просторот на КП бр.12689/5 КО Кавадарци на две нивоа (во објект Зелен Пазар) лоциран на ул.„Зелен Пазар„ – обезбедени вкупно 130 паркинг места„.

**-Во став 2** „ бројот „**390**" **СЕ ЗАМЕНУВА** со бројот „**520**"

**Член 2**

Во останатиот дел одлуката останува непроменета.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08- 2379/2**
**07.04.2022 година**
**К а в а д а р ц и**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**